РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК — KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр. ________
________ год.

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставено е Барање за мислење во однос на тоа дали постои судир на интереси согласно член 2 став 3 од Законот за спречување судир на интереси во случај кога вработен во Агенцијата за цивилно воздухопловство (АЦВ) ќе започне обука за стекнување дозвола за помошник контролор за летање во организација или центар за обука кој е овластен од страна на АЦВ, а потоа по спроведените испити и стекнувањето на дозволата од страна на АЦВ да врши надзор над правниот субјект односно овластениот центар за обука, во конкретниот случај М-НАВ АД Скопје.

Согласно член 26 став 2 точка 1 потточка б) од Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор (Сл. Весник на РСМ бр. 91/19), инспектор за АТМ услуги може да биде лице што поседува активна или истечена дозвола за контролор на летање или помошник контролор на летање. За да се стекне со дозвола на помошник на контролор за летање, лицето треба да заврши обука во организација или центар за обука на тој персонал која е овластена од АЦВ согласно член 4 и 6 од Правилникот за стручно оспособување, проверка, дозволи и овластувања на персоналот за контрола за летање, кој што Правилник важи само за помошник контролор (Сл. Весник на РСМ бр. 86/10, 60/13, 27/15, 65/15, 54/17). Во Барањето за мислење се наведува дека М-НАВ АД Скопје е единствена овластена организација или центар за обука во Република Северна Македонија. По завршената обука се спроведува испит пред АЦВ согласно одредбите од Глава 3 од Правилникот за стручно оспособување, проверка, дозволи и овластувања на персоналот за контрола за летање. По успешно спроведениот испит, АЦВ издава дозвола за помошник контролор на летање. Според АЦВ на овој начин е воспоставен контролен механизам со цел да се провери квалитетот на спроведената обука и да се пренесе одговорноста на АЦВ како регулаторно тело. Понатаму АЦВ посочува дека помошник контролор за летање како персонал веќе не постои во ЕУ и во земјите од регионот. Поради тоа не постојат организации или центри за обуки на овој персонал во тие земји освен центарот за обука во РСМ, а тоа е М-НАВ АД Скопје. Се наведува дека решенијата што произлегуваат од спроведениот наздор, согласно Законот за воздухопловство, ги потпишува директорот на АЦВ, а не воздухопловниот инспектор што го извршил надзорот.

Имено, АЦВ бара од Државната комисија за спречување на корупцијата да даде мислење дали постои потенцијален судир на интереси и во кои случаи постои приватен интерес, при тоа имајќи ги предвид сите контролни механизми предвидени во Законот за воздухопловство и наведените подзаконски акти.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 72 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ“, бр. 12/19), го издаде следново:

**МИСЛЕЊЕ**

Државната комисија извести дека, согласно член 2 став 3 и член 72 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а во врска со член 173 став 1 од Законот за воздухопловството, во конкретниот случај **постои потенцијален судир на интереси** што ќе доведе до состојба на судир на интереси доколку М-НАВ АД Скопје спроведува обуки на вработени во Агенцијата за цивилно воздухопловство кои потоа вршат надзор над работењето на М-НАВ АД Скопје.

При утврдувањето дали постои состојба на потенцијален судир на интереси, мора да се земат во предвид сите реалации кои што потенцијално може да влијаат на непристрасноста во извршувањето на службената должност и овластувања.

Имено, со тоа што лицето што е обучувано од страна на лица од М-НАВ АД Скопје, по самата природа на обуката се создава и личен однос, односно во услови на строго професионални релации не може да се исклучи и личниот аспект. Таа ситуација, со смисол на потенцијален судир на интереси, може да дојде до израз кога обучуваното лице по добивањето на дозвола за помошник контролор на летање и во позиција на воздухопловен инспектор врши надзор над правниот субјект кој ја спровел обуката.

Состојбата на потенцијален судир на интереси како ситуација што може да доведе до постоење на приватен интерес може да прерасне во реален (фактички) судир на интереси при вршењето на надзорот над правниот субјект кој ја спровел обуката, на пример пристрасност при надзорот на работењето над лице или лица што биле во положба на обучувачи. Заради тоа, за да се избегне било каква ситуација за пристрасност од страна на воздухопловниот инспектор, а особено имајќи ја предвид надлежноста на М-НАВ АД Скопје во делот на контролата на летање што самата по себе е од исклучително ризичен карактер, Државната комисија за спречување на корупцијата смета дека овој потенцијален судир на интереси треба да се избегне.

Во оваа смисла и Анексот на препораката на Советот на ОЕЦД за насоки за управување со судир на интереси во јавна служба укажува дека потенцијален судир на интереси се јавува кога службеното лице има приватни интереси што би довеле до појава на судир на интереси доколку тоа лице во иднина би се вклучило во соодветни спротивставени службени одговорности.

Државната комисија укажува на тоа дека приватните интереси не се ограничени на финансиски или материјални интереси, или на оние интереси кои создаваат директна лична корист за службеното лице. Судирот на интереси може да вклучува и легитимна активност доколку тие интереси би можело разумно да се сметаат дека влијаат врз правилното извршување на службената должност и овластување.

Согласно претходно наведеното, Државната комисија смета дека во конкретниот случај постои приватен интерес сфатен во поширока смисла на своето значење и како таков претставува потенцијален судир на интереси кој што доколку не се превенира може доведе до пристрасност и да прерасне во реален (фактички). При тоа имајќи ги предвид надлежностите на воздухопловниот инспектор во спроведувањето на надзорот врз работењето на М-НАВ АД Скопје, Државната комисија смета дека непристрасноста не смее да биде доведена во прашање под никакви околности.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска